**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Септември 2022 година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Септември 2022 година оствари негативен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи изнесуваат 382,908 илјади денари и тие се за 65,75% намалени во споредба со вкупните приходи остварени во истиот период од 2021 година кога изнесуваа 582,386 илјади денари.
Оперативните приходи достигнаа износ од 382,819 илјади денари и тие забележаа намалување од 66% во споредба со 30.09.2021 година кога изнесуваа 581,404 илјади денари.
Од вкупните приходи 99,98% се приходи од продажба на производи и услуги додека финансиските приходи учествуваат со 0,02%.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи достигнаа износ од 395,322 илјади денари и тие се за 79,93% намалени во споредба со расходите остварени во истиот период од 2021 година.
Од вкупните расходи 99,04% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 0,96% од вкупните расходи.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 30.09.2022 година изнесуваа 115,858 и тие се намалени за 79,37% во споредба со 30.09.2021 година кога изнесуваа 145,964 илјади денари.

**Дивиденда**

Друштвото за деловната 2022 година има исплатено дивиденда во бруто износ од 939 илјади денари.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематеријални средства за дадениот период изнесуваат 9,832 илјади денари. Од вкупните инвестиции друштвото има направено вложување во фотоволтаичка централа во вкупен износ од 2,169 илјади денари.

**Нето загуба**

Горенаведените намалувања на оперативните приходи на 30.09.2022 година во споредба со оперативните приходи од 30.09.2021 година придонесе за негативен финансиски резултат кои за периодот од 01.01-30.09.2022 година изнесуваше 12,415.00 илјади денари.

Технокомерц АД Скопје